## Република Северна Македонија

## Министерство за транспорт и врски

---

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ  И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ – по скратена постапка**

Скопје, 2023 година

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ**

**Член 1**

Во Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20) во членот 4 став (1) во точката 7. по зборовите „комунална инфраструктура“ се додаваат зборовите „во сопственост на давателите на услуга“, а сврзникот „и“ на крајот на реченицата се брише се става „точка и запирка“ и се додава нова точка 8. која гласи:

„8. Јавен интерес“ е интерес на корисниците на комуналната услуга, која за нивна сметка ја вршат/обезбедуваат давателите на комуналната услуга на кои согласно закон им е доверено вршењето на комуналните дејности од јавен интерес и.“

Точката 8. станува точка „9.“.

**Член 2**

Во членот 5 став 1 по точката 17) се додаваат две нови точки 18) и 19) кои гласат:

„18) изградба и стопанисување со јавните паркиралишта од затворен тип каде влезот и излезот е уреден со систем за наплата, одржување на јавните паркиралишта, давање услуги за обезбедување на паркинг место, отстранување на непрописно паркирани, отфрлени и оставени возила;

19) производство на електрична енергија;“.

Точките 18) и 19) стануваат точки 20) и 21).

**Член 3**

Во членот 9 став (3) зборовите „поинаку не е уредено“ на крајот на реченица се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Вршењето на водоснабдување, одведување на отпадни води и пречистување на отпадните води, собирање, транспонирање и депонирање на отпад го вршат јавните претпријатија основани од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и во нив не е можно воспоставување на јавно приватно партнерство.“

Ставот (4) станува став (5).

**Член 4**

Во членот 12 став (3) по алинеја 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- отстранување на непрописно паркирани, отфрлени и оставени возила,“.

Алинеите 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алении 8, 9, 10, 11 и 12.

Во ставот (4) по зборот „За“ се додаваат зборовите „контрола над“.

Во ставот (6) зборовите „мандатна казна“ се заменуваат со зборовите „прекршочна санкција“.

**Член 5**

Во членот 14 став (2) алинејата 3 се менува и гласи:

„- собирање и одведување на отпадни води,“.

По алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- прочистување на отпадни води,“.

Алинеите 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алинеи 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Во ставот (3) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- производство на електрична енергија,“.

Алинеите 7, 8 и 9 стануваат алинеи 8, 9 и 10.

**Член 6**

Во членот 15 став (3) во алинејата 9 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се брише, се става запирка и се додава нова алинеја 10 која гласи:

„- објекти за производство и испорака на електрична енергија и“.

Алинејата 10 станува алинеја 11.

**Член 7**

Во членот 24 став (1) во алинеја 3 зборовите „и прочистување“ се бришат.

По алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„- прочистување на отпадни води во денари по метри кубни,“.

По алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- надомест за произведена и предадена електрична енергија од обновливи извори во денари по kWh, во договор со правното лице за снабдување со електрична енергија, а во согласност со важечките прописи.“

Алинеите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат алинеи 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

**Член 8**

По членот 41 се додава нов член 41-а кој гласи:

**„Член 41-а**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му изрече за сторен прекршок на правно лице - корисник на комунална услуга, ако:

- градежниот објект изграден согласно со закон не го приклучи на комуналната инфраструктура (член 16 став (1)),
- градежниот објект изграден спротивно на закон го приклучи на комуналната инфраструктура (член 16 став (2)) и
- постапува спротивно на Одлуката за комунален ред (член 12) став (2)).

(2) Глоба во висина од 350 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице – корисник на комуналната услуга. На одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член, може да му се изрече и санкција за забрана за вршење на определена должност или професија.“

**Член 9**

По членот 42 се додава нов член 42-а кој гласи:

**„Член 42-а**

„(1) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, во прекршочна постапка согласно Законот за прекршоците, ако постапува спротивно на одредбите од одлуката за комунален ред.

(2) При вршењето контрола за спроведување на одлуката за комунален ред, комуналниот редар кога ќе утврди дека е сторен прекршок од физичко лице, има право да ги провери личните исправи за лична идентификација на лицата кои сториле прекршок, заради потврдување на нивниот идентитет, да ги фотографира сторителите на прекршок, предметите и средствата со кои е сторен прекршокот како и местото на прекршокот.

(3) Кога комуналнот редар ќе утврди прекршок составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието,

правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува овластено службено лице и сторителот.

(4) Доколку сторителот не се согласи на постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за утврден прекршок, а комуналниот редар поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(5) Доколку сторителот на прекршокот, се согласи на постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за утврден прекршок.

(6) Во прекршочниот платен налог се наведени битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање, правна поука како и други податоци во согласност со закон.

(7) По приемот на прекршочниот платен налог сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, на сметката означена во прекршочниот платен налог.

(8) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од изречената глоба, за таквото право се поучува во правната поука.

(9) Доколку сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, комуналниот редар во рок од триесет дена од сторување на прекршокот, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(10) Комуналниот редар е должен да води белешки за текот на постапката за порамнување и за поднесените барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд се до правосилна одлука на судот.

(11) Во белешките од ставот (10) на овој член, се собираат и обработуваат следните податоци:

1. име и презиме на сторителот на прекршокот,
2. адреса на живеење односно престојувалиште,
3. деловоден број на предметот и
4. исходот од постапката.

(12) Личните податоци од ставот (11) на овој член се чуваат пет години од нивното запишување во белешките.“

**Член 10**

Во членот 44 став (2) по зборовите „од членот 30 став (1)“ се додаваат зборовите „и комуналните редари од членот 12 став (4)“.

**Член 11**

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.